USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

ФОНДАЦИЈА ЗА ОБРАЗОВНИ И КУЛТУРНИ ИНИЦИЈАТИВИ
FOUNDATION FOR EDUCATION AND CULTURAL INITIATIVES
ЧЕКОР ПО ЧЕКОР • STEP BY STEP

Чекор по чекор до јазична писменост

# 50 АКТИВНОСТИ ЗА СОВЛАДУВАЊЕ НА ЈАЗИЧНИТЕ ВЕШТИНИ

**Издавач:** Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“- Македонија

**За издавачот:** Сузана Киранџиска

**Автор:** Бранка Џајковска, Зорица Јовановска, Елизабета Томевска Илиевска, Мајда Јошевска

**Стручна редакција:** Сузана Киранџиска, Викторија Димитровска

**Графичко уредување:** Јовица Јовановски

**Техничка подготовка:** Мирослав Стојановиќ, Јовица Јовановски

**Јазична редакција:** Сузана Киранџиска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.091.3:81'27(035)

ЧЕКОР по чекор до јазична писменост : 50 активности за совладување на јаичните вештини / [автор Бранка Џајковска ... и др.]. - Скопје : Фондација за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор, 2017. - 106 стр. : илустр. во боја ; 30 см

Публикацијата е во рамките на проектот: "Со читање до лидерство". - Автори: Бранка Џајковска, Зорица Јовановска, Елизабета Томевска Илиевска, Мајда Јошевска

ISBN 978-608-4732-83-9
1. Џајковска, Бранка [автор]
а) Јазична писменост - Основно образование - Наставни методи - Прирачници
COBISS.MK-ID 103853066

Проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“ е спроведуван од Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ во соработка со Министерството за образование и наука на Република Македонија

---------------

Овој прирачник е подготвен во рамки на Проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“ со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој- УСАИД. Содржините на овој материјал не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на УСАИД или Владата на САД.

# Вовед

Јазикот и говорот имаат своја воспитно-образовна функција уште во најраното детство и влијаат врз целокупниот развој на детето. Ние возрасните имаме обврска да им помогнеме на децата да го развиваат својот говор и да ја разберат важноста од развивањето на својата јазична писменост и да ги поттикнеме да го откријат задоволството во читањето, бидејќи така го богатат својот речник, ги подобруваат вештините за комуникација, аналитичките вештини и способноста да се фокусираат на она што го работат.

По прирачникот „Чекор по чекор до јазична писменост – 50 активности за совладување на јазичните вештини", пред нас е уште еден многу значаен прирачник со активности кои можат да се користат при јазичното описменување на учениците од почетните одделенија. И овој прирачник е подготвен во рамки на Проектот на УСАИД „Со читање до лидерство, кој во текот на изминативе години спроведе многу активности за децата, нивните родители и за наставниците, со цел кај учениците да се подобрат јазичната и математичката писменост. Сите активности во рамите на овој проект внимателно се дизајнирани за да одговорат на препораките од националната студија за процена на јазичната и математичката писменост кај учениците од почетните одделенија која беше спроведена во сите основни училишта во Македонија во 2016 година.

Според овaa, но и други релевантни студии, „наставниците треба да користат различни стратегии за да ја подобрат јазичната писменост, а особено да го поттикнат читањето во самата училница и да ги ставаат учениците во улога на активни и ангажирани читатели, преку организирање катчиња за читање и поттикнување самостојно и заедничко читање". Кај учениците од почетните одделенија голем дел од времето поминато во училницата треба да вклучува читање, овозможувајќи им доволно време да ја вежбаат новостекнатата вештина за да се зголеми течноста и точноста при читањето. Уште една важна препорака од оваа студија е дека на учениците уште од рана возраст треба да им се поставуваат различни видови прашања во врска со текстот што им се чита или пак тие самостојно го читаат, за да можат преку одговорите да го изразат сопственото мислење, да дадат свое толкување на фактите или свој суд и на тој начин да ги зголемуваат вештините за разбирање. Наставниците ова можат да го постигнат доколку ги вклучат учениците во дискусија, драмски и други уметнички активности и ако им даваат на учениците да пишуваат писмени состави.

Дополнително, според едно најново истражување, читањето ја подобрува и нашата емпатија, така што кога читаме добра литература, учиме како да ги разбираме луѓето и да сочувствуваме со нив.

Во прирачникот „Чекор по чекор до јазична писменост– 50 активности за совладување на јазичните вештини" земени се во предвид сите препораки и сознанија од научни студии и истражувања кои се

правени во последниве години и кај нас и во светот, и на наставниците им се предложени стратегии, идеи и инструкции за користење на разни визуелни и манипулативни дидактички средства за совладување на содржините од областа на јазичната писменост. Иако во овој прирачник е посветено големо внимание на читањето како главна јазична вештина која се совладува во почетните одделенија, со подеднаква важност се третирани и сите останати подрачја од наставната програма по мајчин јазик за првите три одделенија. Прирачникот го следи форматот на веќе споменатиот прирачник по математика, па така и во овој прирачник на почетокот на секоја понудена активност наставникот има можност да види за кое подрачје од наставната програма може да ја користи предложената активност. Опфатени се сите наставни подрачја од наставната програма по мајчин јазик за почетните одделенија: (1) Слушање и говорење; (2) Почетно читање и пишување; (3) Јазик; (4) Литература; (5) Изразување и творење и (6) Медиумска култура.

За секоја активност се излистани потребните материјали, даден е опис на истата и дадени се едноставни насоки кои можат да му помогнат на наставникот при подготовката и реализацијата на активноста. Начинот на подготовката на активноста е лесен и едноставен и илустриран со фотографии преку кои се гледа постапноста во подготвувањето на материјалите. Во исто време, на секој креативен наставник му се остава простор да ја збогати или измени активноста со свои креативни решенија.

Сите активности кои се наоѓаат во овој прирачник го поттикнуваат критичкото мислење кај децата, овозможуваат интеграција со други наставни предмети и содржини и како основа го имаат учењето низ игра. Стратегиите и техниките се прилагодени на наставната материја, потребите на учениците, наставниците но и родителите, бидејќи некои активности се погодни за реализација во домот, така што сите што сакаат да создадат атмосфера која е исполнета и со забава и со учење, можат да ги користат овие активности во и вон училиштето и да ја почувствуваат радоста на децата во учењето нови работи.

Верувам дека овој прирачник ќе биде надополнување за широкиот спектар на активности кои ги реализирате со Вашите ученици и ќе ви помогне да ги подобрите нивните јазични вештини кои се клучни за нивниот понатамошен развој и успех.

Кирил Барбареев
Професор на Факултет за образовни науки – Штип

БЛАГОДАРНОСТ!

*Голема благодарност до учениците од 5б одделение и до одделенскиот наставник Александра Павловска од ОУ „Христијан Карпош“ - Куманово и до учениците од 4а одделение и до одделенскиот наставник Сандра Колева од ОУ „Тоде Хаџи Тефов“ - Кавадарци кои придонесоа со дел од фотографиите во овој прирачник.*

# 1. Активност: Телефонска говорница

## Потребни материјали:

- Голема картонска кутија
- Фломастери
- Хартија
- Лепило
- Ножици
- Списанија за деца
- Врвка/коноп

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [x] Медиумска култура

## Подготовка:

Исечете една страна од картонската кутија и поставете ја вертикално за да личи на телефонска говорница. Доколку немате стар жичен телефон, на кутијата заврзете една врвка, а на другата страна од врвката ставете слушалка направена од картон. На надворешниот дел напишете „телефонска говорница“. Околу телефонската говорница ставете списанија. Доколку имате можност направете повеќе телефонски говорници со цел играта во исто време да ја играат повеќе ученици.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека секој ќе има можност да разговара на телефонската говорница. Целта на оваа активност е учениците да научат да го користат говорот при воспоставување нови контакти и да научат како правилно да се изразуваат при телефонски разговор. Секој ученик треба најпрво да ги разгледа списанијата и потоа да одбере лик од списанието со кого би сакал да разговара по телефон. Разговарајте со учениците пред да ја започнете активноста. Прашајте ги зошто ја одбрале таа личност и што би сакале да ѝ раскажат. Потсетете ги учениците како треба да се поздрават со ликот со кој разговараат и како да се претстават.

## Идеја +:

Телефонската говорница зачувајте ја во училницата. Таа може да ви помогне кога ќе треба да разговарате со учениците за некои поспецифични теми или проблеми со кои тие се соочуваат. Објаснете им дека телефонската говорница е сигурно место и дека сè што ќе се каже тука, останува меѓу вас. На пр.: Ученикот не може да влезе во ракометниот тим. Можете да останете на само со него, и да му кажете да се јави на Кире Лазаров и да му ја објасни својата ситуација. На овој начин и вие ќе добиете дополнителни информации за доживувањето на ученикот и ќе можете да му помогнете да најде решение. Оваа активност е одлична за да се охрабрат учениците да преземат некоја акција и да се зајакне нивната самодоверба.

## Белешка:

# 1. Активност: Телефонска говорница



## 2. Активност: Што ќе направиш?

### Потребни материјали:

- Хартија
- Пенкало

### Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

### Подготовка:

На картички од хартија напишете разни проблемски ситуации на кои би можеле да наидат децата од вашето одделение. На пр.:

- Твојата топка паднала на улица. Што ќе направиш?
- Непознат човек ти вели да дојдеш со него во неговата кола. Што ќе направиш?
- Во автобус влегува бабичка. Нема место да седне. Што ќе направиш?
- Си скршил една од теглите со боички во училницата. Што ќе направиш?
- Во супермаркет си и не можеш да ја најдеш својата мајка. Што ќе направиш?

### Опис на активноста:

Оваа активност е погодна за работа во помали групи. Седнете со дел од своите ученици во круг. Секој ученик нека извлече по една картичка. Ученикот кој што е најблиску до вас, прв нека го прочита проблемот и нека каже како би постапил во таква ситуација. Помогнете им на учениците да најдат решение. Нека дискутираат сите. Прашајте ги дали некој од нив се нашол во таква ситуација. Секогаш поттикнувајте ги да ги искажат чувствата кои ги имале кога се случила слична ситуација.

### Белешка:

# 2. Активност: Што ќе направиш?



1

Во автобус влегува бабичка. Нема место да седне.

Што ќе направиш?



2

Си скршил една од теглите со боички во училницата.

Што ќе направиш?

# 3. Активност: Таинствени торби

## Потребни материјали:

- Торба
- Разни предмети
- Марама
- Молив
- Лист хартија

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Замолете секој ученик од дома да донесе 3 предмети во една торба. Учениците треба да ги поделите во парови и секој пар треба да добие по една торба. Внимавајте да не им се падне истата торба која ја донеле тие. Објаснете им на учениците дека ќе играат во пар и дека едниот ќе биде „уметник“, а другиот ќе биде „раскажувач“. На раскажувачот му се врзуваат очите и му се дава торбата со предмети, додека уметникот добива лист и молив за цртање.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека раскажувачот има задача на уметникот подетално да му опише какви се предметите кои ги допира во торбата (предметите не смее да се извадат надвор од торбата туку нивните карактеристики треба да ги претпостават и да ги пренесат додека се внатре во торбата). Раскажувачот ги опишува предметите кои ги допира, а уметникот тоа што му е пренесено го црта на лист хартија. Кога ќе завршат со опис на сите три предмети, раскажувачот го вади превезот и заеднички го гледаат цртежот.

Потоа секој пар го презентира цртежот пред останатите, кои треба да погодат што е нацртано. Откако групата ќе заврши со погодување, се вадат предметите од торбата и се заклучува што навистина било во неа. Потоа активноста може да се проба со заменети улоги, уметникот да биде раскажувач, а раскажувачот уметник.

По презентирањето на цртежите започнете дискусија со учениците што им било најтешко да опишат. Охрабрете ги учениците и објаснете им дека некои карактеристики на предметите не можат добро вербално да се опишат. Исто така, преку оваа активност учениците ја сфаќаат важноста на вербалната порака што ја испраќаат и сфаќаат дека доколку не се доволно јасни, нивните зборови може да го одведат слушателот во спротивна насока.

## Идеја +:

Оваа активност можете да ја користите кога постои некој конфликт или недоразбирање меѓу учениците. Откако ќе ја завршат активноста може да поразговарате за тоа како една иста работа може да значи различно нешто за слушателот и дека од тоа произлегуваат многу недоразбирања меѓу луѓето. На крај, поврзете го тоа и со нивното недоразбирање и откријте зошто тие не се разбрале најдобро.

## Белешка:

# 3. Активност: Таинствени торби



# 4. Активност: Нешто убаво

## Потребни материјали:

- Топка

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Оваа активност е особено добра за завршување на денот и можете да ја практикувате секој ден. На овој начин учениците ќе го завршат денот на позитивен начин. Дополнително активноста е одлична и за разрешување конфликти. Седнете со децата во круг. Доколку во одделението имало некој конфликт тие ученици седнете ги едни до други.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека секој ќе треба да каже нешто позитивно од денешниот ден за другарчето до него. Започнете вие и кажете коментар за првото дете до вас (на пр. Денес забележав како Јана му помага на Мартин при решавање на задачите по математика. Браво Јана. Секогаш е важно да им помагаме на другарчињата). Потоа подајте и го топчето на Јана и замолете ја таа да продолжи со позитивен коментар за ученикот до неа. Играта ја играте додека не се заврти целиот круг и топчето не се врати кај вас.

## Белешка:

# 4. Активност: Нешто убаво



1



2



3

## 5. Активност: Јазичен јамб

### Потребни материјали:

- Коцки за јамб (или изработена коцка со илустрации)
- Хартија
- Фломастери

### Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

### Подготовка:

Просторијата во која што се изведува активноста организирајте ја во неколку групи за работа. На секоја работна маса оставете коцка за јамб, фломастери или прибор за пишување и бели листови за пишување.

### Опис на активноста:

Учениците работат во неколку групи. Секој ученик во групата треба да ја фрли коцката за јамб (на секоја страна од коцката има определен број точки од еден до шест). Во зависност од тоа кој број ќе му се падне, ученикот треба да размисли и да каже еден збор којшто ќе содржи онолку букви колку што има точки на свртената страна од коцката. Ученикот го запишува зборот на заедничкиот лист во групата. Сите ученици во групата ја повторуваат истата постапка по два пати. Откако ќе се запишат сите зборови на листот, учениците заеднички треба да состават една приказна од напишаните зборови. Некоја реченица од приказната може да содржи и повеќе од еден од напишаните зборови, додека друга реченица може да не содржи ниту еден од напишаните зборови, но е важна за содржината на приказната. Учениците самите одлучуваат за должината на нивната приказна и внимаваат секој од напишаните зборови да биде употребен во некоја од речениците. На крајот, замолете секоја група да предложи по еден претставник којшто ќе ја прочита приказната пред целата паралелка.

### Идеја +:

За учениците во прво одделение може да се употребат коцки на кои има претставено шест илустрации на одредена тема и секој ученик треба усно да ја опише илустрацијата која што ќе му „се падне“ при вртењето на коцката.

### Белешка:

# 5. Активност: Јазичен јамб



1




2



3

# 6. Активност: Разговараме за чувствата

## Потребни материјали:

- Лист хартија
- Молив

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе ливчиња на кои ќе напишете разни чувства (на пр.: Радосен/на, тажен/на, уплашен/на, лут/а и сл.) и ставете ги во пластичен сад.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека секој од пластичниот сад ќе извлече едно ливче и дека ќе треба да го препознае и преку пантомима да го претстави чувството што е напишано на ливчето. Останатите ученици треба да погодат за кое чувство се работи. На овој начин учениците ќе го подобрат препознавањето на чувствата и кај себе и кај останатите.

## Идеја +:

Во вториот дел од часот може да ги замолите учениците секој да напише кратка приказна за емоцијата која ја извлекле. Во приказната треба да наведат ситуации кои го предизвикале тоа чувството (на пр.: Радосна сум кога...)

## Белешка:

# 6. Активност: Разговараме за чувствата












# 7. Активност: Заедно до решение

## Потребни материјали:

- Хартија
- Пенкало
- Детско списание

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе текст кој ќе им го прочитате на учениците. Текстот може да го измислите или да го најдете во некое од детските списанија.

## Опис на активноста:

Во оваа активност, учениците бараат решение за одреден проблем претставен во текстот (како во пример приказната на следната страна).

Поделете ги учениците во групи и објаснете им дека вие ќе им прочитате еден текст и дека нивна задача е во рамки на својата група да најдат решение за поставениот проблем. Замолете ги учениците да ве слушаат внимателно додека им го читате текстот. Откако ќе завршите со читање на текстот, замолете ги во својата група да поразговараат за решението на проблемот. Објаснете им на учениците дека дури и за проблемите кои им изгледаат нерешливи секогаш постои решение.

Замолете ја секоја група да смисли решение за проблемот кој е претставен во приказната и да го запише своето решение на еден лист хартија. Разговарајте со учениците дали и ним некогаш им се случил сличен проблем.

## Идеја +:

Изберете или смислете текст кој отсликува некоја ситуација во која се нашле вашите ученици. Преку оваа активност може да работите на разрешување проблеми во училиштето или надминување на некои специфични ситуации во кои се имаат најдено вашите ученици.

## Белешка:

# 7. Активност: Заедно до решение

Пример приказна:

Ова е приказна за едно момче по име Иван. Иван има 8 години и оди во второ одделение. Едно зимско утро беше сам дома, затоа што часовите му започнуваа попладне. Тоа утро после појадокот ја напиша својата домашна задача и бидејќи имаше време до почетокот на часовите, тој го зеде ранчето и отиде кај својот другар Марко кој живееше во соседството. Марко беше поголем од него и одеше во друго училиште. Тој многу се израдува кога го виде Иван. Почнаа да си играат и им беше супер. Занесени во играта не го ни погледнаа часовникот. Наеднаш Иван извика: „Леле ќе задоцнам на училиште ако не тргнам веднаш!". Набрзина ја зема јакната, капата и шалот и истрча од станот на Марко. По пат ја закопчуваше јакната и ја ставаше капата на глава. Кога стигна до улицата каде се наоѓаше училиштето наеднаш рече: „Леле го заборавив моето ранче со книги и домашната задача кај Марко, па и ужината ми е внатре, што ќе правам сега, ќе задоцнам на час". Брзо трчајќи се врати до станот на Марко и целиот во паника, позвони на вратата. Но никој не одговори, вратата беше заклучена. Марко сигурно заминал на училиште, а неговите родители се на работа. Немаше никој дома.

Иван се најде пред голем проблем: Училишното ранче му остана заклучено во станот на Марко, Марко е на училиште, а неговите родители се на работа, а часовите на Марко само што не започнале. Запрашајте ги учениците: Како да му помогнеме на Марко? Што треба да направи тој според вас?

ГРУПА 1

Решение на проблемот...

ГРУПА 2

Решение на проблемот...

ГРУПА 3

Решение на проблемот...

# 8. Активност: Движечки речници

## Потребни материјали:

- Речник на македонски јазик
- Пластичен сад
- Хартија
- Фломастер
- Ливчиња

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

На секое ливче испишете по еден збор и зборовите ставете ги во еден пластичен сад. Тоа треба да бидат зборови кои претпоставувате дека им се непознати на учениците. За секој од зборовите кои ќе ги запишете проверете во речникот на македонски јазик кое е објаснувањето за тој збор и дали тоа објаснување би им било доволно јасно на учениците.

## Опис на активноста:

Оваа активност е најдобро да се изведува во училишниот двор. Поделете ги учениците во групи, така што секоја група ќе има ист број ученици. Кажете им на учениците самите да се договорат кој е број еден, кој е број два и така до последниот број (во зависност од бројот на ученици во групата).

Во училишниот двор обележете каде ќе стојат оние кои во секоја група се број 1, каде оние кои се број 2 итн. (важно е првиот и последниот број да стојат блиску до вас т.е. едните да преставуваат старт, а другите цел, а останатите броеви да се раздалечени едни од други).

Заедно со учениците одредете место каде ќе стои речникот. Би било одлично доколку имате по еден речник за секоја група, но доколку немате, во тој случај ќе оставите време претставникот од секоја група да го провери зборот кој го извлекол, па потоа на ваш знак да започне активноста.

Активноста започнува така што оние кои се број 1 од секоја група извлекуваат по еден збор од пластичниот сад. Објаснете им дека нивна задача е со помош на речникот на македонски јазик да го откријат значењето на зборот и потоа да истрчаат до својот претставник кој стои на позиција 2 и да му го шепнат зборот и неговото значење.

Откако бројот 2 ќе го чуе зборот и неговото значење, трча до бројот 3 и му го кажува тоа што тој разбрал и запомнил. И се така, додека информацијата не стигне до последниот член од нивната група. Последниот извикува „Готово!“ и на наставникот му го кажува зборот кој нему му го пренеле и значењето на истиот. На овој начин учениците ќе го збогатат речникот со нови зборови.

Оваа активност ќе биде забавна за учениците особено ако има грешки и недоразбирање во пренесувањето на пораката, па наместо „ординација“, („место за преглед на болни“) кај последниот член од групата ќе стигне како „организација“, а наместо „фрактура“ („скршеница“) ќе пренесат „фактура“.

## Белешка:

# 8. Активност: Движечки речници



# 9. Активност: Еден глас, еден жетон

## Потребни материјали:

- Хартија со димензии 100 cm x 70 cm
- Картон во црвена боја
- Фломстери
- Дуплофан

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе табела како на фотографијата на следната страна. Истата нацртајте ја на големиот лист хартија. Табелата се состои од два реда со 6 квадратчиња. Црвените кружчиња (жетони) се изработени од црвен картон и се дополнително закачени на табелата. Оваа табела поставете ја на видно место со напомена горниот дел од табелата да е на дофат на учениците.

## Опис на активноста:

Пред почетокот на активноста шесте жетони поставете ги во долниот ред од табелата. Повикувајте ги учениците еден по еден и кажете им еден збор којшто е составен најмногу од 6 гласа. Замолете го ученикот внимателно да слуша и да ги повтори гласовите од зборот и при тоа како што поединечно ги изговара гласовите, за секој изговорен глас да земе по еден жетон и да го постави во полињата на горниот ред од табелата. Откако ќе ги постави жетоните во полињата, според изговорените гласови од зборот, ученикот треба да ги изброи и да заклучи од колку гласа е составен зборот што го изговорил. Активноста започнува со задавање едносложни зборови, пример: нос, воз, рог, сол итн., а потоа бројот на гласови во зборовите постепено да се зголемува.

## Идеја +:

Активноста може да биде реализирана и во парови. Секој пар има картички со испишани зборови, своја табела и жетони. Еден ученик од парот извлекува картичка со збор, го чита зборот на глас, а другиот ученик треба да ги повтори гласовите од зборот, еден по еден и да помести во горниот ред од табелата онолку жетони колку што има гласови. Самите ученици можат да ја изработат табелата на лист хартија, а како жетони да користат пластични математички плочки, капачиња во боја, кружчиња од картон во боја и сл.

## Белешка:

# 9. Активност: Еден глас, еден жетон



# 10. Активност: Забавно повторување на азбуката

## Потребни материјали:

- Платнено меко топче

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Опис на активноста:

Оваа активност е наменета за периодот кога учениците се подготвуваат за почетно читање и пишување. Замолете ги учениците да седнат во круг. Објаснете им дека задачата е да се кажуваат зборови од азбуката по ред започнувајќи од А, па сè до Ш. Секој ученик ќе каже збор тогаш кога ќе му го фрлат топчето. Првиот збор го кажувате Вие и потоа го фрлате топчето кон ученикот кој треба да каже збор на буквата Б, а тој потоа го фрла кон некое свое другарче кое треба да каже збор на буквата В, итн. Активноста се реализира брзо и затоа нагласете им на учениците дека треба постојано да внимаваат, бидејќи не знаат кога ќе им биде фрлено топчето. Доколку некој ученик прескокне некоја буква од азбуката или не успее да смисли збор на буквата која следи, треба да излезе од кругот. Победници се последните 5 ученици кои ќе останат во кругот. Тие добиваат по една ѕвезда како „азбучни шампиони“ или пак како награда, нивното име може да го запишете на календарот добиен од проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“.

## Белешка:

# 10. Активност: Забавно повторување на азбуката



# 11. Активност: Азбучен воз

## Потребни материјали:

- Картони во боја
- Лепило
- Фломастери
- Хартија
- Проѕирни папки

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе локомотива од картон и неколку вагони за да ги впишете првите букви кои ќе ги учите. За секоја следна буква ќе одредите ученик кој ќе подготви вагон. На тој начин ќе имате вагон за секоја буква, а возот ќе биде разнобоен и ќе ја изразува креативноста на сите ученици од вашето одделение.

Секој вагон е обележан со своја буква и на него треба да залепете еден проѕирен џеб (проѕирниот џеб може да го изработите од проѕирни папки како на фотографијата).

Секогаш внимавајте возот да биде закачен на ѕидот во висина на очите на децата.

*За да ја претставите азбуката, може да одберете и некој друг предмет или превозно средство. Најдобро е да одберете нешто што им се допаѓа на учениците.

## Опис на активноста:

Азбучниот воз има повеќекратна употреба. Кога ќе започнете со изучување на буквите во проѕирните џепчиња можат да се вметнат сликички (пр. слика од животни, предмети, превозни средства, дејства итн.) Бидејќи секој вагон претставува одредена буква, сликите можат да се вметнуваат во џепчињата според првата буква на која почнува зборот кој е сликовно претставен. Кога учениците ќе имаат изучено повеќе букви, може да ги замолите да напишат зборови на тие букви и да ги вметнат во проѕирните џепчиња. Подоцна може да ја усложните активноста, така што ќе ги замолите учениците да испишат зборови кои означуваат дејства/ именки/ придавки и сл. Учениците може да го користат возот и како место каде ќе запишуваат непознати зборови на кои подоцна заеднички ќе им го откривате значењето.

Овој воз може да има примена низ целиот процес на описменување и е интересна алатка која можете да ја користите секојдневно.

## Идеја +:

Во џепчињата може да вметнете картички со фотографии од децата според почетната буква од името или презимето. На овој начин децата полесно ќе ги запомнат буквите бидејќи ќе ги асоцираат на нивните другарчиња.

## Белешка:

# 11. Активност: Азбучен воз



# 12. Активност: Кој со кого се дружи

## Потребни материјали:

- Картон
- Хартија
- Фломастери

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

За секое дете подгответе картон со големина 10 x 15 см. На него секое дете треба да залепи бел лист хартија на кој ќе може да црта и пишува.

## Опис на активноста:

Замолете го секој ученик да го нацрта своето омилено животно. Откако учениците ќе завршат со цртање замолете ги, секој од нив да напише една реченица под својата слика како во следниот пример: Моето животно се дружи со гласот _____ затоа што има/е____________________ (збор кој почнува со истиот глас).

На пример: Мојата мечка се дружи со гласот К затоа што има убаво крзно.

Мојата панда се дружи со гласот А затоа што е од Азија.

Мојот слон се дружи со гласот С затоа што има долга сурла.

Оваа активност е корисна за одредување на почетниот глас во зборот, разбирање на елементите на буквата, проширување на вокабуларот и за логичко мислење.

## Белешка:

# 12. Активност: Кој со кого се дружи

1



2




3



# 13. Активност: Азбучно бинго

## Потребни материјали:

- Хартија
- Ножици
- Моливи
- Пластичен сад

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе бинго ливче со 15 букви за секој ученик. Исто така, исечете ливчиња со сите букви и ставете ги во пластичен сад. Откако еднаш ќе ја направите активноста, наместо вие да ги подготвите ливчињата, подгответе шема со празни полиња и замолете ги учениците во своите ливчиња да запишат 15 различни букви.

## Опис на активноста:

Секој ученик треба да извлече по едно бинго ливче. Откако секој ученик ќе добие ливче, започнете со влечење на буквите. Учениците треба да ги заокружуваат буквите кои вие ќе ги прочитате. Победник во бингото е оној кој прв ќе ги заокружи сите букви на своето ливче и ќе извика „Бинго“.

## Идеја +:

Играта може да се усложнува со големи и мали букви, ракописни или печатни, кирилично или латинично писмо, може да биде со цели зборови, поедноставни или посложени, зависно од нивото на кое децата читаат.

## Белешка:

# 13. Активност: Азбучно бинго




1



2



3



# 14. Активност: Пронајди го зборот

## Потребни материјали:

- Хартија
- Моливи
- Плико

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе пликоа во кои ќе ставите картички со букви. Кога буквите од пликото ќе се наместат во точен редослед, тие ќе претставуваат еден збор. Направете пликоа со најмалку 4 картички, а најмногу 8. (на пр. во пликото ќе имате 4 картички на кои ќе ги имате буквите „Л“, „К“, „У“ и „Ч“. Ученикот ќе треба да ги подреди буквите и да го добие зборот „клуч“.)

## Опис на активноста:

На секој ученик поделете му плико со 4 картички. Кога ученикот точно ќе ги намести буквите и ќе го добие скриениот збор, наставникот му дава плико со 5 картички, потоа со 6, па 7 и на крајот со 8 картички. Ученикот кој прв ќе го реши зборот со 8 картички, ќе му помогне на наставникот следниот пат, кога ќе ја реализираат активноста и заедно со него ќе ги подготвува картичките.

## Идеја +:

Кога учениците ќе ја усовршат оваа активност може да побарате од нив да одредат дали добиениот збор е именка, придавка или глагол. Исто така, учениците може да составуваат реченици со добиените зборови и истите граматички да ги анализираат.

## Белешка:

# 14. Активност: Пронајди го зборот









# 15. Активност: Госпоѓицата од А до Ш

## Потребни материјали:

- Хартија/платно
- фломастери

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Заедно со учениците направете ја „Госпоѓицата од А до Ш“ која всушност е кукла од хартија или платно.

## Опис на активноста:

Госпоѓицата го менува името според буквата која во тој момент се обработува. Кога госпоѓицата се вика „Госпоѓица М“, тогаш на неа се прицврстуваат картички со зборови кои започнуваат на буквата „М“. Објаснете им на учениците дека таа сака само работи кои почнуваат со буквата „М“.Со цел да ја развеселат госпоѓицата М, учениците цртаат, пишуваат и лепат покрај неа слики од предмети кои започнуваат со буквата „М“. Исто така можат да поставуваат вистински предмети (со големина соодветна на куклата). По извесно време, откако учениците ќе ја совладаат оваа буква, „Госпоѓицата М“ ќе стане „Госпоѓица Н“ и активноста ќе се повтори на истиот начин.

## Идеја +:

Заедно со учениците подгответе го и „Господинот од 1 до 100“. Како што ќе ги изучувате броевите, учениците по бројот нека лепат слики кои ќе го изразуваат тој број или математички операции чие решение ќе го претставува бројот кој тој ден е преставен од „Господинот од 1 до 100“. Замолете ги учениците да го напишат бројот со букви со цел да научат како правилно се пишуваат броевите.

## Белешка:

# 15. Активност: Госпоѓицата од А до Ш






# 16. Активност: Покриени букви

## Потребни материјали:

- Сликовници со читко крупно писмо (по една за секоја група)
- Самолепливи ливчиња

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе по една сликовница за секоја група. Во секоја сликовница покријте по една буква во 20 збора (на почеток, во средина или на крајот од зборот). Залепете самолепливи ливчиња врз клучни зборови во сликовницата. На пример во „Вики и очилата“ може да ја покриете буквата „о“.

Објаснете им на учениците дека оваа активност ќе ја реализираат во групи и дека нивната соработка ќе биде клучна за брзото реализирање на активноста.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека нивна задача како група е да ги откријат зборовите кои имаат покриени букви. Еден од групата нека ја чита сликовницата, а еден нека ги запишува одговорите на групата. Објаснете им на учениците дека треба да ги читаат реченициите во целост бидејќи тоа ќе им помогне да го откријат зборот. Онаа група која прва ќе заврши, е победник во оваа игра.

## Идеја +:

Оваа активност може да ја споделите и со родителите на учениците од вашето одделение. Не е потребна преголема подготовка и родителите лесно можат да ја реализираат и во домот со своите деца. Користете ги родителските средби за да споделувате активности со родителите. Вклучете ги во наставата. Направете ги родителите ваши партнери.

## Белешка:

# 16. Активност: Покриени букви






ден, Бурсунсул глодаше
голема ко ка од својата голем
инија, а Паскулина јадеше
малечко парче месо од својата
малечка инија.

Двете кученца беа многу добри
пријатели.

о еден ен, се случи нешто
страшно.

# 17. Активност: Брзи именки

## Потребни материјали:

- Пластичен сад
- Ѕиден часовник
- Картички со букви
- Хартија
- Молив

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Во еден пластичен сад ставете големи печатни букви. Буквите може да се повторуваат и по неколку пати (во садот изоставете ги буквите што се помалку фреквентни: Ѓ, Ќ, Џ, Њ). Поставете ѕиден часовник на видно место во просторијата. За секој ученик подгответе наставно ливче со табелата „Брзи именки“ (како на фотографијата на следната страна).

## Опис на активноста:

Секој ученик извлекува по една буква од теглата со букви. Откако ќе ја извлече буквата, ученикот индивидуално пополнува еден ред од табелата со зборови што започнуваат на извлечената буква. Ученикот има право некое поле да остави празно. Откако ќе ги запише бараните зборови, повторно оди до теглата со букви и извлекува нова буква, со која што ја повторува истата постапка. Напомнете им на учениците дека оваа активност ќе трае само 15 минути и дека треба да внимаваат на времето на ѕидниот часовник. Откако ќе помине предвиденото време, секој ученик ги чита напишаните зборови и заеднички со останатите во групата го бодуваат напишаното (при бодувањето треба да се земе предвид дали зборовите се точно напишани, односно дали започнуваат со голема или мала буква ). На крајот се собира вкупниот број на бодови за секој ученик во групата, но и на целата група заедно. Победник е групата која ќе освои најмногу бодови.

## Идеја +:

Оваа активност може да биде адаптирана и за ученици од прво одделение така што ќе бидат изоставени категориите од претпоследната и од последната колона, а останатите полиња ќе ги пополнуваат со тоа што ќе ги илустрираат зборовите, а потоа при бодувањето, ќе ги изговорат илустрираните зборови.

## Белешка:

# 17. Активност: Брзи именки

15 МИНУТИ

1

| БУКВА | ПРЕДМЕТ | ЖИВОТНО | РАСТЕНИЕ | ИМЕ НА ДРЖАВА | ИМЕ НА ГРАД |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| ВКУПНО ПОЕНИ: | | | | | |

2

| БУКВА | ПРЕДМЕТ | ЖИВОТНО | РАСТЕНИЕ | ИМЕ НА ДРЖАВА | ИМЕ НА ГРАД |
|---|---|---|---|---|---|
| К | КУТИЈА | КОЊ | КОПРИВА | КОЛУМБИЈА | КУМАНОВО |
| М | МАСА | МАЧКА | МОРКОВ | МАКЕДОНИЈА | МАКЕДОНСКИ БРОД |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| ВКУПНО ПОЕНИ: | | | | | |

X

НАЈМНОГУ БОДОВИ

# 18. Активност: Збор по збор, од А до Ш

## Потребни материјали:

- Хартија
- Фломастер
- Хартија со димензии 100 x 70 см
- Лепило

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе зборови кои започнуваат на секоја буква од азбуката (од А до Ш) за секоја група. Зборовите исечете ги така што секој збор да биде на посебно ливче. На масата на секоја група поставете ги исечените зборови, голем лист хартија, лепило и фломастери.

## Опис на активноста:

Поделете ги учениците во 4 групи. Објаснете им дека нивна задача е најпрво исечените зборови да ги подредат еден под друг (вертикално) започнувајќи од А до Ш според првата буква од зборот. Откако ќе ги наредат зборовите, објаснете им дека треба до секој збор да напишат реченица со тој збор. Овие реченици ќе бидат поедноставни кога децата се помали, но активноста ќе биде корисна и за погорните одделенија, каде може да внесете нови зборови од актуелната тема која ја изучувате. Преку реченицата која ќе ја подготват учениците ќе дознаете дали учениците навистина го разбрале значењето на новиот збор.

## Белешка:

# 18. Активност: Збор по збор, од А до Ш

1




2




3



# 19. Активност: Кога рибата би се викала птица

## Потребни материјали:

- Хартија
- Пенкало

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе работен лист со неколку реченици за секоја група. Во речениците треба да смените еден- два збора како во примерите на следната страна.

## Опис на активноста:

Поделете ги учениците во група и објаснете им дека нивна задача е да ги најдат зборовите во реченицата кои ја менуваат нејзината содржина и ја прават нелогична. Откако ќе ги најдат тие зборови учениците треба да размислат кои зборови подобро би одговарале во таа реченица. Оние кои ќе завршат први, ќе бидат победници и ќе имаат задача следниот пат тие да смислат нелогични реченици кои нивните соученици ќе треба да ги дешифрираат.

Смислата на оваа активност е учениците да ја сфатат важноста на зборовите и како тие некогаш може да ја направат реченицата нелогична, но дека контекстот ќе им помогне да го откријат вистинското значење.

## Белешка:

# 19. Активност: Кога рибата би се викала птица






# 20. Активност: Нов збор

## Потребни материјали:

- Речник на македонски јазик
- Хартија
- Пенкало

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе картички на кои има објаснување од речник за еден збор. На долниот дел од картичката е напишан зборот, но со измешани букви (како во примерот на следната страна).

## Опис на активноста:

Секој ученик ќе добие по една картичка и има за задача да го открие зборот кој со измешани букви е напишан во долниот агол. На овој начин учениците низ игра ќе го збогатат својот речник и ќе совладаат нови зборови. Зборовите кои ќе им ги дадете да ги одгатнуваат, секогаш можете да ги поврзете со темата која во моментот ја обработувате.

Оваа активност е одлична за да го вратите вниманието на учениците.

## Идеја +:

Кога ќе ја реализирате активноста во погорните одделенија, наместо да им дадете збор со измешани букви, може само да наведете колку букви има зборот кој се бара.

## Белешка:

# 20. Активност: Нов збор






# 21. Активност: Читај за да нацрташ и раскажи што со нацртал

## Потребни материјали:

- Хартија
- Ножици
- Боички
- Лепило
- Мала кутија

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе картички за секоја група. Треба да има повеќе картички отколку ученици во групата бидејќи секој ученик треба да извлече по една картичка. Картичките за секоја група може и не мора да се разликуваат. Нашите предлози за картички се претставени на следната страна.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека секој од нив ќе извлече по една картичка и има задача да го прочита тоа што е напишано на картичката и да го нацрта. Откако секој ученик ќе заврши со својот цртеж тој има задача на останатите во групата да им раскаже што нацртал.

## Идеја +:

Секој уметник сака да биде ценет, така што кога ќе заврши активноста, закачете ги цртежите со штипки на една врвка која ќе ја поставите од еден до друг крај на училницата. Исто така, од цртежите можете да направите заедничка книга на одделението и на тој начин да ги изложите изработките на децата.

## Белешка:

# 21. Активност: Читај за да нацрташ и раскажи што со нацртал

1



а) Нацртај пеперутка. На неа нацртај крилја и обој ги. Нацртај црти на телото на пеперутката. Нацртај облаци и сонце околу пеперутката.

2



б) Нацртај човек. Нацртај шапка на неговата глава. На човекот нацртај му палто и пантолони. Обој му ги пантолоните во две бои. Направи му го едниот чевел црн, а другиот зелен. Во едната рака нацртај му долг црн бастун.

3



в) Нацртај ја најпрвин планетата Земја. Потоа нацртај ја месечината, а потоа сите планети од нашиот сончев систем.

4



г) Нацртај голем круг со големо Х на средина. Четирите краеви од Х треба да го допираат работ на кругот. Во еден дел од кругот нацртај некој кој ти се допаѓа. Во друг дел од кругот, нацртај го твоето омилено животно. Твоето омилено јадење нацртај го во трет дел од кругот. Себе си нацртај се во последниот дел од кругот.

5



д) Нацртај голем квадрат. На врвот на големиот квадрат, нацртај мал квадрат. Нацртај два долги правоаголници кои го допираат долниот дел од големиот квадрат. Дали забележуваш дека всушност црташ робот? Додај му очи и уста. Нацртај му и други детали, за да биде твојот робот единствен.

6




ѓ) Биди креативен, нацртај што сакаш!

# 22. Активност: Збор по збор до приказна

## Потребни материјали:

- Хартија со димензии 100 x 70 см
- Маркери

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе 3 големи листови хартија на кои ќе запишете една иста прва реченица и една иста последна реченица.

## Опис на активноста:

Оваа активност може да ја реализирате во училишниот двор. Поделете ги учениците во три групи и на еден ѕид во дворот поставете ги трите хартии. Секоја група треба да застане во колона и треба да е на исто растојание од хартиите.

Објаснете им на учениците дека имаат 10 минути на располагање заедно да напишат една приказна која треба да започне и да заврши со речениците кои им ги имате дадено. Учениците имаат 2 минути за да ја осмислат приказната. Откако ќе изминат двете минути, на даден знак првиот ученик од секоја група истрчува до просторот за пишување и го започнува пишувањето на приказната. Првиот ученик, запишува еден збор, па трча назад до своето другарче му го предава маркерот и потоа тој трча и запишува втор збор, итн. Напомнете им на учениците дека треба подеднакво да внимаваат на правописот, интерпункциските знаци и граматиката како и на содржината на приказната.

Откако ќе изминат 10 минути, започнете со бодување. При бодувањето обрнете внимание на тоа дали приказната е завршена и претставува логичка целина со почетната и крајната реченица, дали се следени правописните и граматичките правила, дали приказната е интересна и креативна и како учениците соработувале и се дополнувале во тимот.

## Белешка:

# 22. Активност: Збор по збор до приказна

10 МИНУТИ

1

Неколку деца си



играат с

2

играат со топк



аат со топка.

НАЈМНОГУ ПОЕНИ

# 23. Активност: Одговор, па прашање

## Потребни материјали:

- Хартија
- Молив

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе прашања и одговори на истите прашања. Може да бидат прашања поврзани со темата која ја изучувате, со некоја лектира, но може да бидат и прашања за општи знаења.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека оваа активност ќе ја реализираат во група и дека право да одговора ќе има онаа група која прва ќе се пријави. Вие ќе им прочитате еден одговор, а тие имаат задача да смислат прашање кое се однесува на тој одговор. Потенцирајте им дека прашањата можат да ги поставaт на повеќе начини и поттикнете ги да бидат креативни. Оваа активност е добра за повторување некоја изучена содржина на интересен и игровен начин.

Обрнете им внимание на учениците дека во оваа активност освен знаењето се ценат брзината и тимската работа.

За секое прашање кое одговара на понудениот одговор се добива еден бод. На крајот се собираат освоените бодови и победник е групата со најмногу бодови. Следниот пат кога ќе ја реализирате оваа активност, дајте и задача на групата-победник да ги смисли одговорите.

Внимавајте секој пат одговорот да го соопштува различен ученик од групата, за да добие секој ученик можност да го соопшти одговорот.

## Белешка:

# 23. Активност: Одговор, па прашање

1

Треба брзо да се оддалечиме од брегот и да се упатиме кон повисок терен.

Долгите и густи трепки на очите на камилата.

Тој има 3 срца.

2

Како да се подготвиме за цунами?

Треба брзо да се оддалечиме од брегот и да се упатиме кон повисок терен.

Што и ги штити очите на камилата од песок и од сонце?

Долгите и густи трепки на очите на камилата.

Колку срца има октоподот?

Тој има 3 срца.

НАЈМНОГУ ПОЕНИ

# 24. Активност: Телеграфисти

## Потребни материјали:

- Хартија
- Пенкало

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе по две телеграми за секој пар.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека активноста ќе ја реализираат во парови. Првиот пат едниот ученик ќе ја чита телеграмата, а другиот ќе биде телеграфист, а потоа обратно. Телеграфистот има задача да ја запише пораката, но слоговите треба да бидат разделени со цртичка. Исто така треба да се внимава на празните места и интерпункциските знаци.

На пример: По-чи-ту-ва-ни-от Мар-ко Мар-ков-ски до-би наг-ра-да. Бра-во за Мар-ко Мар-ков-ски!

Преку оваа активност ќе може да ги запознаете учениците со средствата за комуникација во минатото и да направите споредба со средствата за комуникацијата денес.

## Белешка:

# 24. Активност: Телеграфисти

1




2



По-чи-ту-ва-ни-от Мар-ко Мар-ков-ски до-би наг-ра-да. Бра-во за Мар-ко Мар-ков-ски!

# 25. Активност: Слоговно домино

## Потребни материјали:

- Хартија
- Пенкало

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Изработете домино картички од хартија на следниов начин: картичката е во форма на правоаголник со вертикална линија поделена на два еднакви дела. На картичката и во левиот и во десниот дел се испишуваат различни слогови.

Подгответе минимум 20 домино картички за секоја група. Картичките за секоја група треба да се исти за да може да се види различниот пристап на секоја група со истите картички (секоја група ќе дојде до различни решенија).

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека ќе работат во група и дека секоја група ќе добие домино картички. Нивна задача е од нив да состават двосложни или повеќе сложни зборови. Секој слог од една картичка треба да најде пар во друга картичка. Наша препорака е да запишете слогови со кои учениците може да прават разни комбинации (на пример доколку на картичките по неколку пати ги имате слоговите „са“, „ма“, „ра“, „ка“ од нив учениците ќе можат да извлечат многу различни зборови: сама, мака, рака, марама, маса, кама, сака и сл.

Откако учениците ќе завршат со работата, замолете ја секоја група на одделен лист да ги запише зборовите кои се дел од нивното домино. Потоа учениците треба да обележат каде паѓа акцентот во секој збор. По проверката го прогласувате победникот со најмногу правилно акцентирани зборови.

## Белешка:

# 25. Активност: Слоговно домино



# 26. Активност: Извикувам, раскажувам, прашувам и набројувам

## Потребни материјали:

- Хартија
- Фломастери
- Пластична кутија

## Програмско подрачје:

- ☐ Слушање и говорење
- ☑ Почетно читање и пишување
- ☑ Јазик
- ☐ Литература
- ☐ Изразување и творење
- ☐ Медиумска култура

## Подготовка:

На хартиени ленти испишете 5 реченици (секоја реченица да биде испишана со фломастер во различна боја). Внимавајте да имате реченици кои се расказни (и потврдна и одречна), извични и прашални. Поделете ги речениците на делови така што секој збор и секој интерпункциски знак да биде одделен.

## Опис на активноста:

Ставете ги сите делови во еден сад и замолете ги учениците да извлечат по едно ливче. Замолете ги да се групираат според бојата на фломастерот. Објаснете им дека сега треба сите зборови и интерпункциски знаци да ги распоредат така што реченицата да добие логичен тек. На почетокот речениците ќе се состојат од помалку зборови, но понатаму можете да го зголемите бројот на зборови и интерпункциски знаци. Обидете се да им зададете реченици каде местото на интерпункцискиот знак ќе го менува и значењето на реченицата за да ја увидат важноста од правилното поставување на интерпункциските знаци. (на пример: Остануваш? Јас не, си одам. и Остануваш? Јас не си одам.)

## Идеја +:

Оваа активност може да ја реализирате и во училишниот двор. Интерпункциските знаци и зборовите изработете ги од картон, а учениците поделете ги во две групи. Од една страна нека стојат учениците со интерпункциските знаци, а од другата учениците со картони на кои се испишани зборовите. Најпрво треба да се групираат заедно оние ученици кои кај себе имаат картони со зборови за да може да формираат реченица. Откако ќе извикаат „Готово!“, групата со интерпункциски знаци извикува : „Сакате ли знак?“, на што првата група одговара дека сака. По добиениот одговор, „знаците“ се договараат кој од нив ќе биде тој што ќе застане на соодветното место во составената реченица од „ученици“ кои претставуваат зборови.

## Белешка:

# 26. Активност: Извикувам, раскажувам, прашувам и набројувам



## 27. Активност: Погоди го предметот

### Потребни материјали:

- Хартија
- Молив

### Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

### Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека оваа активност ќе ја реализираат во парови. Секој ученик треба да замисли еден предмет кој се наоѓа во вашата училница. Потоа, секој ученик на лист хартија треба да напише 3 придавки кои го објаснуваат замислениот предмет (на пример ако ученикот го замислил зборот „молив“ може да ги напише придавките: дрвен, остар, зелен).

Потоа учениците си ги менуваат листовите и секој треба врз основа на напишаните придавки да го погоди замислениот предмет на своето другарче. Парот добива поен тогаш, кога и двајцата ученици од парот ќе го погодат зборот на своето другарче.

Оваа активност ќе им помогне на учениците да вежбаат именки и придавки, но и да се фокусираат на деталите и на оние карактеристики кои подобро ги опишуваат предметите, со цел другарчето побрзо и полесно да го погоди замислениот збор. Дополнително, оваа активност им помага на учениците да ги подобрат нивните вештини за раскажување и за составување подолги и поопширни реченици.

### Белешка:

# 27. Активност: Погоди го предметот

1




НАЈМНОГУ ПОЕНИ

# 28. Активност: Што можеме...?

## Потребни материјали:

- Хартија
- Хартија со димензии 100x70 см
- Фломастери

## Програмско подрачје:

- ☐ Слушање и говорење
- ☐ Почетно читање и пишување
- ☑ Јазик
- ☐ Литература
- ☐ Изразување и творење
- ☐ Медиумска култура

## Подготовка:

Организирајте ја просторијата за групна работа. На големите листови хартија шрафирајте табела со толку колони, колку што групи сте формирале. Хартијата поставете ја на видно место и на неа запишувајте ги бодовите на групите.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека ќе работат во групи и дека вие ќе им кажете еден глагол, а тие ќе имаат 60 секунди да смислат што е можно повеќе именки кои формираат логична целина со глаголот кој сте го кажале. (на пример вие ќе го кажете глаголот „пие“, а учениците ќе запишат пие вода, пие кафе, пие млеко или глаголот „затвора“, а учениците ќе запишат затвора врата, затвора шише и сл. По истекот на времето бодовите ги запишувате на големите листови хартија. Бодувањето треба да е согласно со бројот на запишани именки (1 именка=1 бод).

## Белешка:

# 28. Активност: Што можеме...?

1

60 СЕКУНДИ

| Јаде | Облекува | Вози |
|---|---|---|
| | | |

2

| Јаде | Облекува | Вози |
|---|---|---|
| МЕСО | ЏЕМПЕР | ТРОТИНЕТ |
| ЗЕЛЕНЧУК | ПАТИКИ | ВЕЛОСИПЕД |
| КОЛАЧЕ | ПАНТАЛОНИ | АВТОМОБИЛ |
| БАНАНА | | КАМИОН |
| ЧОКОЛАДО | | |

НАЈМНОГУ ПОЕНИ

# 29. Активност: Кутии за именки, глаголи и придавки

## Потребни материјали:

- Хартија
- Фломастери
- Кутии

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

За секоја група подгответе по 3 кутии. На првата кутија напишете „именки“, на втората ставете ознака „глаголи“, а на третата „придавки“. Дополнително подгответе по 10 реченици за секоја група. Речениците испишете ги на хартиени ленти.

## Опис на активноста:

Поделете ги учениците во групи. На секоја група доделете и по 10 хартиени ленти на која се испишани реченици. Објаснете им на учениците дека нивна задача е да ги исечат именките, глаголите и придавките од речениците испишани на хартиената лента и да ги распоредат во соодветните кутии. Потоа замолете го секој учесник во групата да извлече по едно ливче од секоја кутија и да состави реченица со зборовите кои ќе ги извлече. Потоа заедно со учениците прочитајте ги запишаните реченици. Со оглед на тоа што некогаш зборовите кои ќе ги извлечат тешко ќе можат да се комбинираат во една реченица, секогаш наградете ги со позитивен коментар креативните решенија на учениците.

## Белешка:

# 29. Активност: Кутии за именки, глаголи и придавки










ИМЕНКИ

ПРИДАВКИ

ГЛАГОЛИ

# 30. Активност: Јазична штафета

## Потребни материјали:

- Маркер за секоја група
- Спортски реквизити (конуси или чунови)
- Картонска кутија
- Хартија со димензии 100x70 см
- Хартија

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Активноста може да се изведува во училишниот двор, фискултурна сала или во училница.

Поделете ги учениците во три групи и замолете ги да застанат во колони. Пред секоја колона ученици, треба да има трасирано одредена патека по која треба да се движи секој ученик од групата. На патеката по која ќе се движат учениците, на одредено растојание, поставете по три спортски реквизити. На стартната позиција на секоја група е поставен голем лист хартија (можете да ја залепите на ѕидот зад учениците или пак да ја поставите на табла). На хартијата треба да нацртате табела со 3 колони, првата за именки, втората за придавки и третата за глаголи. На крајот од секоја патека е поставена една картонската кутија во која што има ливчиња на кои е испишана по една буква.

## Опис на активноста:

Замолете ги учениците да застанат еден зад друг. Првиот во редот добива еден маркер кој освен за пишување ќе има функција и на штафета. Објаснете им дека нивна задача е да се движат змијулесто по патеката (околу спортските реквизити) и од кутијата на крајот да извлечат едно ливче на кое има буква. Потоа да се вратат назад до хартијата и да запишат по една именка, придавка и глагол во соодветната колона кои започнуваат на буквата која ја извлекле. Потоа маркерот го предаваат на ученикот кој е прв во редот и тој ја повторува постапката. Победник е онаа група која ќе заврши за најкратко време и која ќе има најмногу точно запишани зборови во табелата.

## Белешка:

# 30. Активност: Јазична штафета

НАЈДОБРО ВРЕМЕ

1



2



3



НАЈМНОГУ ПОЕНИ

# 31. Активност: Пантомима

## Потребни материјали:

- Хартија
- Пенкало
- Пластичен сад

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Поделете го листот хартија на мали делови и на секој од нив напишете име на една сликовница. Напишете имиња на сликовници кои им се познати на децата (за оваа активност може да ги користите сликовниците од „Нашата прва библиотека“). Ливчињата ставете ги во пластичен сад.

## Опис на активноста:

Поделете ги учениците во групи и објаснете им дека имаат 10 минути за реализирање на оваа активност. Најпрво, еден претставник од групата треба да дојде и да извлече ливче. Објаснете им на учениците дека секогаш различен ученик треба да дојде и да извлече ливче. Потоа, преку пантомима, тој треба да им објасни на останатите во групата за која сликовница се работи. Онаа група која ќе заврши прва, добива поен. Потоа следен ученик од групата извлекува ново ливче и тој објаснува со пантомима за која сликовница се работи. Групата со повеќе поени е победник.

Активностите со пантомима се одлични за да ги поттикнете учениците на невербален начин да ги изразат своите чувства или при разрешување на конфликти и сл.

## Идеја +:

Споделете ја дигиталната библиотека на веб страната на Фондацијата „Чекор по чекор“ со родителите и учениците. Поттикнете ги да ја користат и да читаат со своите деца. Фондацијата „Чекор по чекор“ и проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“ препорачуваат родителите да читаат со своите деца најмалку 20 минути секој ден.

## Белешка:

# 31. Активност: Пантомима






# 32. Активност: Нацртај ги ликовите

## Потребни материјали:

- Книга/сликовница за секој ученик

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Замолете ги учениците секој од дома да ја донесе својата омилена книга.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека секој од нив треба да ги нацрта ликовите од неговата омилена книга, но не повеќе од 3 лика. Потоа секој ученик презентира пред останатите во своето одделение која е неговата омилена книга, кои ликови ги нацртал, зошто смета дека тие се важни во книгата, што е тоа што научил од таа книга и зошто е тоа негова омилена книга. Оваа активност може да ја користите при обработка на лектирите каде учениците низ цртање ќе ги претставаат ликовите или некоја ним омилена сцена од лектирата. На овој начин ќе направите една нестандардна, но интересна обработка на лектирата.

## Идеја +:

Со учениците од прво одделение може да направите адаптација на оваа активност така што од нив ќе побарате да го препишат на лист хартија омилениот дел од нивната омилена сликовница. Замолете ги на местото на некои зборови да изработат цртеж (како ребус). Објаснете им  дека е доволно да има најмногу два цртежи во една реченица, со цел да може да се открие значењето на реченицата. По завршувањето на работата, секој ученик треба само накратко да презентира зошто е тоа нивната најомилена сликовница. Изработките на учениците може да ги изложите во училницата за секој да може да го прочита омилениот дел од омилената сликовница на другарчето.

## Белешка:

# 32. Активност:  Нацртај ги ликовите



# 33. Активност: Детектив на зборови

## Потребни материјали:

- Хартија
- Молив
- Сликовница или друг текст
- Речник на македонски јазик

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [x] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Однапред подгответе примерок за секој ученик на кој ќе има табела со 3 колони: на кои во првата колона (најмалата) стои „Збор“; во втората: „Што мислам дека овој збор значи врз основа на тоа како е искористен во приказната“ и „Што открив дека значи преку пребарување во речник/разговарајќи со наставникот“. Дополнително подгответе сликовници/ исечоци од детски списанија за секој ученик.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека секој треба во себе да ја прочита сликовницата или исечоците од детските списанија што му се доделени. Секој од нив треба на својот лист да ги запише зборовите за чие значење не е сигурен. Како што децата ги пронаоѓаат зборовите за чие значење не се сигурни, нека ги пишуваат во првата колона. Потоа, нека се обидат да погодат кое е значењето на непознатиот збор, преку зборовите во таа реченица или пасус (смислата на реченицата или пасусот). Потоа замолете ги учениците да проверат во речник или со својот наставник и да го откријат вистинското значење на непознатиот збор. Оние зборови кои ќе им бидат непознати на поголемиот дел од учениците може да се запишат на ѕидот со зборови.

## Идеја +:

На еден ѕид во својата училница може да направите ѕид на зборови. Тука може да се запишуваат непознатите зборови или зборовите кои се поврзани со темата која во моментот ја работите. На овој начин учениците ќе можат полесно да совладаат некои зборови и да го збогатат својот вокабулар. Ѕидот може да го користите и при изучување на граматичките категории, па на него да пишувате само зборови кои означуваат дејствие или именки, придавки и сл.

## Белешка:

# 33. Активност: Детектив на зборови

1

| Збор | Што мислам дека овој збор значи? | Што открив дека значи преку пребарување во речник/ разговарајќи со наставникот? |
|---|---|---|
| | | |

2

| Збор | Што мислам дека овој збор значи? | Што открив дека значи преку пребарување во речник/ разговарајќи со наставникот? |
|---|---|---|
| ЛАБОРАНТ | Куче со жолта боја | Човек што работи во лабораторија, лабораториски техничар. |
| АМБИЦИЈА | Не знам! | Силна желба да се направи, да се постигне нешто. |
| БАГРЕМ | Дрво | Листопадно дрво со тенко стебло и бело-розов цвет со опоен мирис. |
| НАВРАТИ | Нешто што стои на врата. | Навраќање, повторување на иста постапка. |

# 34. Активност: Јазично пикадо

## Потребни материјали:

- Стиропор
- Црно платно или хартија
- Креди во боја
- Хартија
- Прибор за пишување

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Од стиропор и црна хартија (или платно) изработете пикадо. На пикадото означете полиња во кои ќе запишете броеви од два до осум.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека најпрво секој од нив ќе треба да фрли со креда кон пикадото и на тој начин секој ученик ќе добие некој број. Објаснете им дека треба да смислат збор кој има букви исто колку и бројот кој го погодиле и секој индивидуално да смисли и втор збор кој се римува со првиот збор (на пр.: Еден ученик фрлил кон бројот 5. Тој го смислил зборот скија,а потоа и зборот змија кој се римува со скија). Секој треба на хартиена лента да ги запише двата збора. Откако учениците ќе завршат со индивидуалната задача, поделете ги во групи од четворица и замолете ги заедно да состават една стихотворба. Правилото е, секој од осумте збора кои ги испишале на хартиената лента, да бидат дел од стихотворбата. Поттикнете ги да работат заедно и да соработуваат. Откако сите групи ќе завршат со работа објаснете им дека секоја група треба да ја прочита својата стихотворба така што секој од групата треба да учествува во презентацијата. Учениците сами нека се договорат кој ќе ја чита првата строфа, а кој втората. Замолете ги да размислуваат креативно и поттикнете ги презентацијата да не е само обично читање на стихотворба.

Откако секоја група ќе се подготви, замолете ги сите да застанат во круг, а групата која чита да застане во средината. Искористете ја оваа прилика да ги научите децата како треба да се однесуваат кога се на поетско читање или во театар. Објаснете им кога се слуша, а кога се дава аплауз.

## Белешка:

# 34 Активност: Јазично пикадо

1






# 35. Активност: Започни ја/заврши ја приказната

## Потребни материјали:

- Хартија
- Молив

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Најдете неколку интересни текстови за децата. По можност нека се текстови од областа научна фантастика, митологија и сл. Направете копии од текстовите за секој ученик, но кај некого може да недостасува почетокот на приказната, а кај некого крајот.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека секој ќе работи на посебен текст и дека нивна задача е да ја започнат/ завршат приказната. Замолете ги секој да претпостави што се случило т.е. што ќе се случи во приказната. Со оглед на тоа дека дел од учениците ќе работат на истиот текст, но ќе им недостигаат разни делови, ќе им биде особено интересно на крајот секој да го прочита својот текст. Различните пристапи и верзии ќе бидат многу интересни за учениците.

## Белешка:

# 35 Активност: Започни ја/заврши ја приказната

-Колку е прекрасно небото ноќе! Сите овие ѕвезди, големи и мали, изгледаат како безброј стакленца што светат. Ех, кога би можел да ги погледнам одблиску!- воздивна Иван и ги затвори очите искрено посакувајќи да допре до секоја од нив.

-Што е, што се случува?- вознемирено прошепоти Иван.

-Не плаши се!- се насмевна фотелјата во која удобно се беше сместил. Јас ја исполнувам твојата желба и те водам на волшебно патување низ вселената.

Фотелјата се вивна високо со голема брзина. Тие поминаа блиску до еден авион и патниците му мавтаа на Иван. Месечината стануваше се поголема и Иван почна да забележува вдлабнатини кои му личеа на очи и уста на месечината. Одеднаш месечината му се насмевна и му рече: „Здраво!".

УЧЕНИК 1

Мојата претпоставка за крајот на приказната...

УЧЕНИК 2

Како јас би ја завршил приказната...

УЧЕНИК 3

Мојот предлог за крајот на приказната...

# 36. Активност: Тркало на среќата

## Потребни материјали:

- Картон/ стиропор
- Фломастери
- Хартија

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Направете едно тркало кое ќе го поделите на 5 полиња и на нив ќе запишете прашални зборчиња: Кој?, Што?, Каде?, Кога? и Зошто?. Во средина на тркалото ставете спојувалка. Исправете еден дел од спојувалката и превиткајте го долниот дел за да не испаѓа. Другиот, сè уште свитканиот дел од спојувалката, ќе служи како стрелка од предната страна на тркалото која ќе обележи на кое зборче застанало тркалото.

## Опис на активноста:

Тркалото можете да го користите кога обработувате одреден текст или лектира. За да ги запознаете учениците со оваа активност, завртете го тркалото и поставете им на учениците прашање кое започнува со прашалното зборче на кое застанало тркалото. Откако учениците ќе ја совладаат оваа активност замолете ги тие да го вртат тркалото и да поставуваат прашања на соучениците. На овој начин ќе ги мотивирате учениците да одговараат и да поставуваат отворени прашања.

## Идеја +:

Тркалото може да го направите од стиропор и во поголема димензија со цел да биде видливо за сите ученици.

## Белешка:

# Активност: Тркало на среќата

1




Што очекуваше семејството на Петар?

Зошто се налути Петар кога му се роди братче?

Што подготви Петар за добредојде на Павел?

Кој му се развика на Петар и зошто?

Што се случи кога дојдоа пријателките на мајката?

Кога се зближија двете братчиња?

Што ќе си игра Павел со другарчињата на Петар кога ќе порасне?

# 37. Активност: Биди дел од приказната

## Потребни материјали:

- Сликовница/ книга
- Хартија
- Пенкало

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Оваа активност ќе ви биде од помош кога работите со ученици кои сакате да ги заинтересирате за читањето. Подгответе лист со прашања за секој ученик. Прашањата треба да бидат поставени како ученикот да е лик од сликовницата/книгата (како во примерот на следната страна).

## Опис на активноста:

Замолете ги учениците да размислат кој им е најинтересен лик од сликовницата/книгата/лектирата која што ја прочитале. Објаснете им дека нивна задача е да ги одговорат прашањата кои им ги имате подготвено, во име на ликот кој за нив е најинтересен. Поттикнувајте ги учениците секогаш да одбираат различни ликови (еднаш нека бидат Црвенкапа, друг пат Волкот, Ловецот итн.). На тој начин учениците ќе бидат во можност да научат дека секогаш постојат различни перспективи.

## Белешка:

# 37. Активност: Биди дел од приказната

Како се викаш?

Се викам Бурсунсул. Јас сум голем црно куче.

Кои се твоите пријатели во оваа сликовница?

Јас имам една пријателка. Се вика Паскулина. Постојано сме заедно и си играме.

Што те прави среќен, а што тажен? Како си расположен денес? Зошто?

Среќен сум кога си играм со Паскулина. А тажен бев кога бевме скарани. Еднаш Паскулина ми ја украде коската и покрај тоа што знае колку многу сакам коски. И јас многу се налутив. Тогаш направив нешто непромислено и ја гризнав за увото. И потоа бев многу тажен. Следниот ден не си игравме заедно. Беше многу здодевен ден!

Која случка е најинтересна во оваа сликовница? Како се чувствуваше за време на случката? Зошто постапи на тој начин?

Најинтересна случка ми беше кога и ја подадов мојата коска на Паскулина за да се смириме. Пријателството е многу важно и затоа треба да простуваме и да бараме да ни простат. Јас ја сакам Паскулина, таа е моја другарка и нема да дозволам нешто да се испречи меѓу нас.

# 38. Активност: Ѓердан на приказната

## Потребни материјали:

- Хартија во боја
- Врвка (макара)
- Ножици
- Фломастер
- Пенкало
- Сликовница

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

На масата ставете ги омилените книги на учениците и 3 картички во различна боја за секој ученик. Замолете ги учениците на првата картичка да напишат „Прво“; на втората картичка „Потоа“ и на третата „На крај“.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека ќе им прочитате приказна и тие ќе треба да ја раскажат со сопствени зборови. Кога детето ќе почне да ја раскажува приказната, првата реченица мора да му почне со „Прво“, па потоа да го напише остатокот од реченицата на првата картичка. Втората реченица треба да се напише на втората картичка, почнувајќи со зборот „Потоа“. На последната картичка треба да се напише последната реченица која ќе почне со зборовите „На крај“.Откако ќе ги пополни трите картички и ќе извика „Готово!“ соберете ги картичките и препрочитајте ги по ред сите три картички. Видете дали приказната е логична и дали има почеток, средина и крај. Ако текот на приказната е логичен, направете неколку дупчиња во картичките и дајте му ги на детето за да ја илустрира приказната. Може да нацрта слика на чистата страна на секоја картичка која ќе го отсликува текстот. Откако детето ќе биде задоволно со својот труд, нанижете му ги околу вратот за да може да им ја прераскаже на другите. Ако во приказната треба нешто да се додаде или смени, помогнете му на детето да открие што би можело да смени, додаде или извади. Поставувајте прашања како што се: „Тоа се случи прво или последно?“, „Што се случи помеѓу тие две работи?“

## Идеја +:

Оваа активност не само што дава одлична можност да разговарате за содржината на книгите, туку и ги поттикнува учениците да внимаваат на тоа што е најважно во една приказна и тоа да го паметат за подоцна. Исто така овие ѓердани изгледаат многу симпатично закачени на ѕид, а можат да се користат и при некои драмски или слободни игри.

## Белешка:

# 38. Активност: Ѓердан на приказната



# 39. Активност: Приказна во тегла

## Потребни материјали:

- Хартија
- Фломастери
- Тегла/ прозирен сад за секоја група

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Во теглата на секоја група ставете по едно ливче со реченици кои може да бидат почеток на една приказна. Речениците треба да ја поттикнуваат фантазијата на учениците така што може да бидат и малку нереални.

## Опис на активноста:

Замолете еден ученик од групата да извлече едно ливче од садот и гласно да го прочита пред групата. Целта е да се направи приказна која почнува со таа реченица. Учесниците, еден по друг, кажуваат по една реченица која треба да биде поврзана со претходните. Еден ја запишува приказната која другите ја создаваат. На крајот, замолете ја секоја група да ја прочита својата приказна пред другите групи. Секоја група гласа за најкреативна приказна и групата со најмногу бодови е победник. Победничката група ќе има можност следниот пат кога ќе се реализира оваа активност, да ги смисли речениците кои ќе ги извлекуваат нивните соученици.

## Белешка:

# 39. Активност: Приказна во тегла

1



Си беше еден човек кој имаше куче кое зборува.

Вчера, отпатував до Месечината.

Во соседната куќа живее чудовиште.

Низ вратата од мојата соба, можеш да влезеш во волшебен свет.




Некогаш одамна постоело едно семејство со 292 деца.

# 40. Активност: Буква, збор, приказна

## Потребни материјали:

- Хартија со димензии 100 x 70 см
- Маркер

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [x] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Оваа активност може да ја реализирате во училишниот двор. Поделете ги учениците во две групи. На ѕидот од училиштето залепете два големи листа хартија.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека активноста ќе ја реализираат поделени во две групи. Двете групи треба да се наредат во ред. Најпрво вие пишувате еден ист збор на хартијата на двете групи. Потоа, првиот од редот трча до хартијата и пишува еден збор кој започнува со последната буква од зборот кој вие сте го запишале, следниот ученик пак, пишува збор кој започнува со последната буква од зборот кој што го напишал неговиот претходник (на пр. Вие сте го запишале зборот маса. Вториот ученик ја зема последната буква од вашиот збор и го пишува зборот авион, додека тој по него го пишува зборот нозе, итн. ). Објаснете им на учениците дека нивната низа завршува тогаш кога и последниот ученик од редот ќе запише збор. Потоа групата има задача да состави кратка приказна која ги содржи зборовите кои се наведени во нивната низа (на пр. Тој беше навистина висок човек. Од неговите долги нозе не можеше да ја отвори масата во авионот. итн.). Победник ќе биде онаа група која прва ќе заврши со задачата.

## Идеја +:

Откако ќе се вратите во училницата може да ги замолите учениците граматички да ја анализираат приказната која ја напишале.

## Белешка:

# 40. Активност: Буква, збор, приказна









# 41. Активност: Вистина или лага

## Потребни материјали:

- Хартија
- Фломастери
- Пластичен сад
- Пенкало

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе реченици кои ќе ги испишете на хартиена лента. Овие реченици треба да се однесуваат на вас, при што дел од нив треба да изразуваат точни информации за вас, а други лажни.

## Опис на активноста:

Започнете ја активноста така што ќе ги прочитате речениците кои ги имате подготвено. Потоа замолете ги учениците да подготват по две изјави за себе, едната точна, а другата не. Освен двете изјави, учениците треба да го напишат и своето име и да напишат која изјава е точна, а која лажна. Замолете ги учениците преку изјавите да откријат нешто за себе кое не е очигледно. Поттикнете ги да напишат креативни и шеговити изјави.

Потоа секој ученик ги става своите изјави во пластичниот сад кој се наоѓа на вашата маса. Откако сите ученици ќе ги стават своите изјави во пластичниот сад, започнете со извлекување и читање на изјавите. Го читате името на ученикот и изјавите, а останатите погодуваат дали е вистина или лага.

## Идеја +:

Оваа активност е одлична кога сакате да проверите некои факти по природни науки. Можете да подготвите изјави кои се вистинити и такви кои се лага или мит и на тој начин да го проверите знаењето на учениците или пак да ги заинтересирате за темата која ја изучувате.

## Белешка:

# 41. Активност: Вистина или лага

1

- Јас имам една сестра. ✓
- Можам да препливам 10 круга во базен. ✗

Арбен

2

- Сум скокала со падобран. ✗
- Мојата баба наполни 100 години. ✓

Марија

3

- Мојот папагал знае да зборува. ✗
- Мојот татко работи во странство. ✓

Мирослав

4

- Некогаш одам во сон. ✗
- Мојот брат игра тенис. ✓

Лејла

# 42. Активност: Ти раскажувам приказна со спротивности

## Потребни материјали:

- Хартија
- Молив

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе ливчиња со зборови кои искажуваат спротивности (на пр. мал и голем; бело и црно; плитко и длабоко, и сл.). Ливчињата ставете ги во сад од кој учениците ќе може да ги извлекуваат. Кога оваа активност ќе ја реализирате со ученици од прво одделение, поделете ги во помали групи, додека во погорните одделенија активноста може да ја реализирате со целото одделение едновремено.

## Опис на активноста:

Активноста ја започнува еден ученик кој влече ливче и има за задача да состави реченица која ги содржи и двете спротивности. Секој следен ученик влече ново ливче, но реченицата која ќе ја состави мора да биде поврзана со претходната реченица. (на пр. Првиот ученик влече ливче на кое пишува „мал и голем“ и ја смислува следната реченица: Над еден голем рид се појави мал облак. Следниот ученик го извлекол ливчето на кое пишува „плитко и длабоко“ и ја смислил следната реченица: Во подножјето течеше една длабока река, која на изглед личеше дека е плитка.

Третиот ученик пак го влече ливчето на кое пишува „бело и црно“ и ја смислува реченицата: Момчето погледна во белиот облак, му светнаа црните очи и ја прескокна реката во еден чекор.)

На овој начин учениците ќе ја вежбаат својата фантазија, вештините за изразување и творење, а истовремено заедно ќе работат на создавањето на една заедничка приказна.

Имајте предвид дека играта треба да се одвива динамично и не е важно индивидуалното постигнување туку целината на играта. Ако некој од учениците не може да се сети како да продолжи, можете вие да му помогнете.

## Идеја +:

Запишете ја приказната на голем лист хартија. Запишаната приказна заедно со учениците илустрирајте ја на часот по ликовно образование. Од илустрациите ќе произлезе една убава сликовница во чија подготовка учествувало целото одделение.

## Белешка:

# 42. Активност: Ти раскажувам приказна со спротивности










Момчето погледна во белиот облак, му светнаа црните очи и ја прескокна реката во еден чекор.

# 43. Активност: Шарена пошта

## Потребни материјали:

- Хартија
- Хартија во боја
- Фломастери
- Картонска кутија
- Лепило
- Ножици

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Изработете поштенско сандаче од кутија и во договор со учениците поставете го на одредено место во просторијата.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека поштенското сандаче ќе го користите за повеќе намени. Во него ќе ставате честитки, покани, разгледници, изјави за меѓусебно почитување, куси шеговити пораки и сл. Оваа активност лесно може да се користи постојано и на ваков начин да се одбележуваат посебни моменти, настани (родендени, празници, прославување нечиј успех, итн.). За оваа активност заедно со учениците донесете едноставни правила за начинот на пишување и отворање на поштата.

Учениците самостојно ја избираат содржината и материјалот.

Откако секој ученик ќе ја изработи пораката, истата треба да ја стави во поштенското сандаче, а потоа вие треба да им ја распределите поштата на учениците. (Секогаш имајте предвид дека активностите треба да ги осмислувате така што ќе има порака за секое дете).

## Идеја +:

Содржините на пораките на почетокот можат да бидат само цртежи со потпис, потоа колажи, пораки во форма на серија слики и писмени пораки.

## Белешка:

# 43. Активност: Шарена пошта



# 44. Активност: Текст за сликовница

## Потребни материјали:

- Сликовници
- Хартиени ленти
- Молив

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Потребна ви е по една сликовница за секоја група. Сликовниците кои ќе ги одберете треба да бидат непознати за учениците. За оваа активност може да ви бидат корисни сликовниците од „Нашата прва библиотека“ бидејќи имаат и своја аудио верзија. Со хартиените ленти треба да го покриете текстот во секоја сликовница што сте ја одбрале. Внимавајте да не ги оштетите сликовниците при лепењето или одлепувањето на хартиените ленти.

## Опис на активноста:

Поделете ги учениците во групи. На масата на секој група треба да ја поставите сликовницата со скриен текст. Замолете ги учениците самите според илустрациите да претпостават што е текстот и да го запишат на белите хартиени ленти во сликовницата. Поттикнете ги да ја користат својата фантазија и да бидат креативни. Откако учениците ќе ја завршат активноста, можете да им ги пуштите аудио верзиите, за да видат како авторот ја замислил таа сликовница. Пофалете ги учениците за нивната креативност и потенцирајте им дека во оваа активност докажале дека не е тешко и самите да направат сликовници.

## Белешка:

# 44. Активност: Текст за сликовница



# 45. Активност: Напиши приказна од перспектива на...

## Потребни материјали:

- Хартија
- Молив

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

Подгответе картички на кои ќе напишете разни животни или предмети (на пр. орел, мравка, мајстор, воз) и ситуација во која се наоѓаат (на пр. бараат храна, реновирање во домот, доцнење на железничката станица). Картичките ставете ги во пластичен сад.

## Опис на активноста:

Секој ученик од пластичниот сад треба да извлече една картичка. Замолете ги учениците да се стават во улога на животното или предметот кој е запишан на картичката и да напишат кратка приказна од перспектива на тоа животно/предмет. Поттикнете ги учениците да ја ослободат фантазијата и да им дадат човечки карактеристики на животните и предметите. Преку оваа активност учениците ги развиваат своите вештини за креативно пишување, но се учат и да се стават во улога на некој друг и да го гледаат светот низ перспектива на другиот.

## Идеја +:

Кога ќе ја реализирате активноста со учениците од погорните одделенија, може да ги замолите најпрво да истражат кои се главните карактеристики на животното/предметот во чија улога се ставени (на пр. Мравката е вредна и постигнува многу кога работи во тим со други мравки.). На овој начин ќе ги поттикнете истражувачките вештини на учениците, а преку карактеристиките на животните/предметите во чија улога се ставени тие ќе се здобијат со животни знаења и вештини.

## Белешка:

# 45. Активност: Напиши приказна од перспектива на...


















# 46. Активност: Полна вреќа алишта

## Потребни материјали:

- Стари алишта
- Вреќи

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [x] Изразување и творење
- [ ] Медиумска култура

## Подготовка:

За оваа активност потребни ви се стари алишта. Најдобар начин да обезбедите стари алишта кои ќе може да ги користите за време на наставата е на родителските средби да ги замолите родителите да донираат стари, но чисти алишта. Истите можете со нивна помош да ги прекроите за да им одговараат на учениците.

## Опис на активноста:

Старите алишта ставете ги во една вреќа. Замолете го секој ученик од вреќата со алишта да одбере 3 парчиња облека. Потоа учениците треба да ја облечат избраната облека и да му дадат име на својот лик. Поделете ги учениците во групи од 5 и замолете ги да смислат кратка приказна со своите 5 лика. Потоа замолете ги учениците базирано на приказната да подготват драматизација. Секоја група треба да ја одигра својата драматизација пред останатите ученици. На крајот секој ученик гласа за најинтересна драматизација. Приказната на групата која ќе победи може да ја доработите и заедно со учениците од целото одделение да ја презентирате на завршната приредба пред родителите. На овој начин и родителите ќе бидат вклучени во подготовката на завршната претстава бидејќи тие учествувале во обезбедувањето на костимите.

## Идеја +:

Можете да ги поделите родителите и учениците во различни групи и секоја група да има задача да развива еден дел од претставата (едни ќе бидат задолжени за сценографијата, други за костимите, трети за сценариото и сл.). Побарајте од родителите сами да ви кажат во кој сектор најдобро се чувствуваат и каде можат најмногу да придонесат.

## Белешка:

# 46. Активност: Полна вреќа алишта



1



2



3



4

1

2

3

4

БИДИ КРЕАТИВЕН!

# 47. Активност: Посета на театар

## Потребни материјали:

- Сликовница/книга

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [x] Литература
- [ ] Изразување и творење
- [x] Медиумска култура

## Подготовка:

Одберете некоја сликовница или кратка книга за која во моментов има детска претстава во детскиот театар (во Театарот за деца и младинци во моментов на репертоар се: Мачорот во чизми, Пепелашка, Могли, Пипи Долгиот Чорап, Грдото пајче и сл.).

## Опис на активноста:

Замолете ги учениците внимателно да ве слушаат додека им ја читате сликовницата. Читајте изразно и внесете драмски елементи за да им е интересно на учениците. Откако ќе завршите со читањето, разговарајте со учениците за тоа што сте им го прочитале, зборувајте за ликовите и за настаните опишани во сликовницата.

Организирајте групна посета во театар на претстава која е направена врз литературното дело кое им го читавте на учениците. Откако ќе ја проследите претставата, одново разговарајте со учениците за ликовите. Поттикнете ги да направат споредба меѓу литературното дело и театарската претстава.

## Идеја +:

Заедно со учениците одредете сликовница за која вие ќе направите претстава на крајот на училишната година. Доколку сте во можност, повикајте некој актер од за да им даде актерски совет на учениците. Ним ќе им биде особено драго дека се запознаваат и дружат со позната личност и тоа дополнително ќе ги мотивира да читаат и да одат во театар.

## Белешка:

# 47. Активност: Посета на театар

1



Актерот Сашко Коцев чита сликовници во ОУ „Христијан Карпош“ – с.Драгоманце, Старо Нагоричане

2



3



Што е театарска претстава, а што литературно дело?

# 48. Активност: Каде ќе патуваме?

## Потребни материјали:

- Картон
- Фломастери
- Дрвени боички
- Ножици
- Фотографии од списанија

## Програмско подрачје:

- [x] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [x] Медиумска култура

## Подготовка:

За секој ученик во одделението потребно е да се направи мал куфер од картон. Во подготовката може да ви помогнат и родителите и да ги замолите секој од дома да направи картонски куфер според шемата која ќе им ја дадете. Исто така, доколку имаат, децата можат да користат и некој стар куфер кој го нашле дома или го позајмиле од некого.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека оваа активност ќе ја реализирате цела недела, додека пак презентациите за секоја дестинација ќе се реализираат секое утро додека не помине редот на секој ученик. Назначете им дека активноста се реализира во 4 чекори:

1. Истражување и подготовка на куфер
2. Час со новинар
3. Подготовка на новинарски прилог
4. Презентација

Најпрво учениците имаат за задача да го декорираат куферот со слики и цртежи од градот/земјата каде најмногу сакаат да патуваат. Кажете им дека за да добијат повеќе информации за посакуваната дестинација можат да ги користат компјутерите и книгите кои ги имаат во училницата или дома. Објаснете им на учениците дека откако ќе завршат со декорирањето на куферот, ќе треба да подготват новинарски прилог за земјата која е претставена на куферот. Доколку во вашето одделение има дете чиј родител е новинар, замолете го да дојде и да ви одржи едно кратко предавање за тоа што треба да содржи еден новинарски прилог каде се претставува една туристичка дестинација. Доколку нема родител-новинар, побарајте новинар во вашата заедница и повикајте го да ви гостува на час.

Откако ќе заврши предавањето, учениците можат да почнат со подготовка на својот новинарски прилог, следејќи ги препораките од гостинот-предавач. Пред да започнат со работа, секој од нив треба да одбере медиум за кој го подготвува прилогот (радио, телевизија, весник, интернет портал и сл.). Објаснете им на учениците дека секој има најмногу 5 минути за својата презентација, која во себе не смее да го содржи името на дестинацијата.

Откако ќе ја завршите целата подготовка, може да започнете со презентациите. Секој ден кога ќе започнете со часот, еден од учениците ќе ја презентира својата дестинација. Ќе го приложи своето куферче и ќе го презентира својот новинарски прилог. За да биде прилогот поверодостоен, можете од картон или некој друг материјал да направте микрофон, компјутер, камера за снимање и сл. и секој ученик да ја претстави својата дестинација како вистински новинар). По презентацијата, учениците погодуваат за која земја/град се работи. Преку овие презентации учениците ќе дознаат многу нови работи за земјите кои ќе бидат претставени, но ќе се запознаат и со интересите на своите другарчиња.

## Белешка:

# 48. Активност: Каде ќе патуваме?

1

1. Истражување и подготовка на куфер



1

2

2. Час со новинар

3

3. Подготовка на новинарски прилог

4

4. Презентација

ЗАБЕЛЕЖУВАЈ! * ИСТРАЖУВАЈ! * ПРЕЗЕНТИРАЈ!

# 49. Активност: Стрип според цртан филм

## Потребни материјали:

- Хартија
- Молив
- Дупчалка
- Лепило
- Ножици
- Врвки

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [ ] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [x] Медиумска култура

## Подготовка:

Поделете ги учениците во четири групи. На учениците од секоја група зададете им домашна задача да гледаат определен цртан филм.

## Опис на активноста:

Објаснете им на учениците дека во рамки на нивната група треба најпрво да разговараат за содржината на цртаниот филм кој им бил за домашна задача. Потоа содржината треба да ја поделат во логички целини, и секоја логичка целина треба да претставува една слика од стрипот кој што треба да го изработат. Дозволете им на учениците сами да договорат кои задачи ќе ги извршуваат. Дел од нив ќе го пишуваат говорот на ликовите во „балончиња“, дел ќе илустрираат случки, дел ќе ги обојат, дел ќе го прочитаат текстот, а дел ќе драматизираат. Откако ќе завршат со зададените задачи, побарајте од нив да ги спојат деловите и да го комплетираат стрипот. Секоја група ја претставува својата работа преку драмско читање на говорот на ликовите и преку презентација на илустрациите. Од останатите се очекува да погодат за кој цртан филм станува збор.

Изработените стрипови ставете ги најпрво на паното во вашата училница, за да можат да ги видат родителите или оние кои ќе ја посетат вашата училница, а потоа, со нив ќе ја збогатите библиотеката во вашата училница.

## Белешка:

# 49. Активност: Стрип според цртан филм

БИДИ КРЕАТИВЕН!




ОСМИСЛИ!

РАЗГОВАРАЈ

ПОДЕЛИ
ВО ЛОГИЧНИ ЦЕЛИНИ!

НАЦРТАЈ!

# 50. Активност: Доживуваме-раскажуваме

## Потребни материјали:

- Хартија со димензии 100 x 70 см
- Фломастери

## Програмско подрачје:

- [ ] Слушање и говорење
- [x] Почетно читање и пишување
- [ ] Јазик
- [ ] Литература
- [x] Изразување и творење
- [x] Медиумска култура

## Опис на активноста:

Многу е важно постојано да ги поттикнувате децата да раскажуваат. Можете да искористите случки во кои заеднички сте учествувале, и наведете ги да ги раскажат на свој начин. На пример разговарајте за часот по природни науки кој сте го одржале претходниот ден. Објаснете им на учениците дека заедно ќе подготвите прилог за медиумите за тој час. Објаснете им дека секој кој ќе го прочита вашиот прилог треба да добие идеја што точно сте правеле. Објаснете им дека ќе работат во групи и дека секоја група има за задача да подготви извештај/прилог за истиот настан. Извештајот треба да е краток (еден пасус) и да го запишат на хартија. Потоа сите извештаи може да се закачат на главната табла и да се дискутира за јаките и слабите страни на секој извештај. Објаснете им на учениците што е важно да истакнат, кои информации треба да се содржат во еден извештај за медиуми и сл.

## Идеја +:

Модификувајте ја вежбата за различни медиуми. Еднаш подгответе прилог за весник, друг пат поттикнете ги да подготват прилог за радио или телевизија. Учениците може да играат улоги, еден да интервјуира, друг да дава интервју, трет да биде лектор, четвртиот да известува од терен,итн.

## Белешка:

# 50. Активност: Доживуваме-раскажуваме




www.stepbystep.org.mk